МЦМС>> МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2008 ГОДИНА

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е организација на граѓанското општество што верува во мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално.

Мисијата на МЦМС е да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови.

Во својата работа, МЦМС се води од принципите на партиципација, транспарентност и одговорност, партнерство, толеранција, претприемништво, одржливост и еднакви можности.

**Долгорочни цели на МЦМС се:**

- Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата;
- Одржлив локален и рурален развој;
- Добро владеење, партиципација и политики насочени од и кон луѓето;
- Вкоренето и динамично граѓанско општество, кое влијае на јавните политики;
- Прифатена културна разноличност, меѓузависност и дијалог;
- Поддржан евроинтеграциски процес со зајакната регионална соработка;
- МЦМС, независна и организација со кредибилитет, способна за силни и ефективни партнерства и сојузи засновани на еднаквост, на национално, регионално и меѓународно ниво;
- МЦМС е атрактивна и иновативна организација која учи, со локални корени и глобален поглед.

**МЦМС е членка на:**

- UN ECOSOC (Економско-социјален статус на ОН);
- ACT International (Акција на црквите заедно);
- CIVICUS (Светска алијанса за граѓанско учество);
- Балканска мрежа за развој на граѓанското општество (BCSDN);
- Граѓанска платформа на Македонија (ГПМ)

**МЦМС во 2008 година имаше вкупен обем (портфолио) од 47 проекти и буџет од 75 милиони денари.**

## СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

**1. Македонија без дискриминација**

МЦМС заедно со партнерите од Сојузот "Македонија без дискиминација" ја поддржа подготовката на Законот за недискриминација. Подготвен и објавен е Поимникот на изрази поврзани со дискриминацијата. Избран е секретаријатот на Сојузот и одржани се три обуки за недискриминација (41 учесник) од кои едната за новинари (10 учесника од 7 медиуми). Одржани се три обуки (48 учесници) како дел од проектот за градење капацитети на Народниот правобранител. МЦМС ја поддржа кампњата „Вклучување на сите деца во образовниот процес" и РНВО „Рома 2002" во делот на активности за застапување.

**2. Проекти за модернизација на образованието**

Беше спроведена обука за вештини на комуникација за наставниците од ОУ „Христијан Тодоровски Карпош" од Скопје (7 учесника). Беа реновирани две училишта и тоа: ОУ Браќа Миладиновци во с. Добрушево – општина Могила и ОУ „Кемал Ататурк" во с. Долно Количани – општина Студеничани.

**3. Развиени мали и средни претпријатија - раководење на МРФП**

МЦМС е основач на Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП). МЦМС ги врши сите раководни, стручни и административни работи за МРФП, како институција за раководење.

## ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

**1. Локален развој на заедниците**

Спроведени се шест обуки за градење на капацитетите на локалната самоуправа на кои учествуваа 100 учесници. Подготвена е Стратегија за реформи во комуналниот сектор. Организирана е студиска посета во Словенија за стекнување нови искуства од позитивни иницијативи и проекти во руралните заедници за четири општини и ЗЕЛС. Организирана е конференција на тема „Руралните општини и ЕУ-поддршката за рурален развој во Македонија – национални искуства и регионалните практики". Избрани се четири предлог-проекти во општина Карбинци во рамки на „Форуми во заедницата". МЦМС ги градеше капацитети на АДКОМ и на ЗЕЛС. Поддржани се иницијативи во руралните заедници во Прилеп и подржани и објавени се годишни извештаи за отчетност на општините: Теарце, Конче, Прилеп, Чашка, Старо Нагоричане, Могила, Велес и Карбинци.

**2. Водоснабдување на општина Јегуновце**

Беше подготвена техничка документација и бунар за водоснабдување на општина Јегуновце.

## ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ, ПАРТИЦИПАЦИЈА И ПОЛИТИКИ НАСОЧЕНИ ОД И КОН ЛУЃЕТО

**1. Добро управување во Македонија**

Спроведени се девет работилници за јакнење на капацитети за граѓанска одговорност на локалните општински лидери и граѓаните од руралните области на Кумановско-Липковскиот, Скопскиот и Тетовскиот регион (108 учесници). Започнаа Форумите во заедниците во Ресен и Битола.

## ВКОРЕНЕТО И ДИНАМИЧНО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

**1. Институционален развој на граѓанското општество**

Подготвен е извештај за прогресот на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор. МЦМС учествуваше во подготовката на работната верзија на предлог Законот за здруженија на граѓани и фондации. Подржани се девет истражувачки публикации и спроведено е Истражувањето за довербата на граѓаните во граѓанското општество.

**2. Организациски развој на актерите на граѓанското општество**

Се реализираа 36 консултации и обуки на кои учествуваа 520 претставници на граѓанските организации, државниот и деловниот сектор, верските заедници, медиумите и др. Подготвени и објавени се два прирачника: Менаџмент со човечки ресурси и Добро управување. Во соработка со ТРИАЛОГ од Австрија и во партнерство со Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија и Сигма 7 беше организирана дводневна конференција под наслов "Развојна соработка во контекст на ЕУ-членство на Македонија".

## ПРИФАТЕНА КУЛТУРНА РАЗНОЛИЧНОСТ, МЕЃУЗАВИСНОСТ И ДИЈАЛОГ

**1. Меѓурелигиска соработка во Македонија**

Реализирани се пет разменски предавања, една посета на теолошки училишта, три посети на верски објекти, поддржана е канцеларијата за соработка помеѓу верските заедници, организацијата на конференцијата ЕРПГ, организирана е студиска посета на Ерусалим, публикувани се две изданија од билтенот за меѓуверски дијалог и две публикации.

## ПОДДРЖАН ЕВРОИНТЕГРАЦИСКИ ПРОЦЕС И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА

**1. Раководење на Балканската мрежа за развој на граѓанско општество**

Организирани се две координативни активности. Беше набљудувано спроведувањето на олеснетиот визен режим. Беа реализирани 774 анкети на апликанти за визи.

Deloitte.

Deloitte DOO
Mit. Teodosij Gologanov 28
1000 Skopje
Republic of Macedonia

Tel: +389 (2) 3111 300
Fax: +389 (2) 3119 544
cemkmacedonia@deloittece.com
www.deloitte.com/mk

Central Register of RM
Registry Number 4881427
Komercijalna Banka AD, Kej Dimitar Vlahov, Skopje
Account no. 300-0000000910-22
VAT MK 4030994253680

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ**

**До Советот на Македонски центар за меѓународна соработка**

Извршивме ревизија на приложените финансиските извештаи (стр. 3 до 28) на Македонски центар за меѓународна соработка (во понатамошниот текст "МЦМС"), кои се состојат од билансот на состојба на ден 31 декември 2008 година и билансот на приходи и расходи, извештајот за промените во главнината и извештајот за парични текови за годината што тогаш завршува и преглед на значајни сметководствени политики и останати белешки кон финансиските извештаи.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали истото е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во дадените околности.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на МЦМС со цел дизајнирање на ревизорски постапки коишто се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на МЦМС. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Македонски центар за меѓународна соработка на ден 31 декември 2008 година, како и резултатите од работењето, промените во главнината и паричните текови за годината што тогаш завршува во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Делојт ДОО
Лидија Нацуи
Директор

Јовица Стојчевски
Овластен ревизор

Скопје
6 март 2009 година

**УПРАВЕН ОДБОР**

Наташа Габер-Дамјановска, претседавач; прота Драги Костадиновски, зам. претседавач; Андон Марковски; Билјана Герасимовска-Китановска; Мухамед Точи; Бехиџудин Шехапи; Зејнула ефенди Фазлиу; пречесен Михаил Цеков; Свето Стефановски

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

Сашо Клековски - Прв извршен директор
Александар Кржаловски – Извршен директор

**ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА**

**Развој:** Димче Митрески, раководител; Миодраг Колиќ. **Вработување:** Тетјана Лазаревска, раководител; Лазар Недановски; Глигор Михаиловски; Лирим Хајредини; Афродита Муслиу. **Граѓанско општество:** Сунчица Саздовска, раководител; Фатмир Битиќи; Емина Нурединоска; Валентина Чичева; Даниела Стојанова; Кренар Кука. **Информации:** Гонце Јаковлеска; Грамоз Шабани; Адис Рахиќ; Борис Ристовски; Сузан Шаќир Сулејмани. **Односи со заедниците Балкан:** Тања Хафнер-Адеми; Дервиша Хаџиќ-Рахиќ; Зденка Виденова. **Администрација:** Милка Божиновска-Миова; Мирјана Куновска; Билјана Вучуревиќ; Данило Митов; Весна Богдановска.

Деловниот извештај за 2008 година и финансискиот извештај може да го преземете на: **www.mcms.org.mk**

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2008

Консолидиран биланс на приходите и расходите за периодот завршен на 31 декември 2008 год.
(во илјада македонски денари, 1ЕУР = 61.4123 МКД)

### А. ПРИХОДИ

| Донации и грантови | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Црковен развоен сервис (ЕЕД), Германија | 17,209 | 16,218 |
| Норвешка асоцијација на општини (КС) | 9,000 | 603 |
| Полио плус | 4,807 | 0 |
| Сокотаб и партнери, Швајцарија | 4,607 | 3,599 |
| Данска црковна помош (ДЦА) | 2,768 | 13,395 |
| Норвешка црковна помош (НЦА) | 2,814 | 4,199 |
| Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ) | 1,923 | 0 |
| Други донатори | 1,822 | 25,241 |
| **ВКУПНО ДОНАЦИИ И ГРАНТОВИ** | **44,951** | **63,255** |
| **Сопствени приходи** | | |
| Македонска развојна фондација за прет. (МРФП) | 7,429 | 6,404 |
| Орг. за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) | 4,464 | 5,127 |
| Асоц. на економски консултанти (ЕЦА), В. Британија | 2,034 | 0 |
| Други сопствени приходи | 2,482 | 11,805 |
| **Вкупно сопствени приходи** | **16,408** | **23,336** |
| Камати и позитивни курсни разлики | 3,056 | 4,801 |
| Вонредни приходи | 4,424 | 8,659 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **68,839** | **100,051** |

### Б.РАСХОДИ

| Добротворни расходи | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Проекти за модернизација на образованието (ПМО) | 4,310 | 4,541 |
| Раководење со МРФП | 210 | 184 |
| Македонија без дискриминација (МБД) | 8,925 | 8,301 |
| Локален развој на заедниците (ЛРЗ) | 6,280 | 2,815 |
| Водоснабдување на општина Јегуновце (ВОЈ) | 6,129 | 8,581 |
| Добро управување (ДУМ) | 380 | 0 |
| Институцион. развој на граѓанското општество (ИГО) | 1,000 | 15,116 |
| Орган. јакнење на актерите на граѓанското општество (ОРР) | 2,271 | 7,238 |
| Раководење со Балканската мрежа за ГО (РБМ) | 703 | 4,272 |
| Меѓурелигиска соработка во Македонија (МСМ) | 3,035 | 6,265 |
| Кампања за мобилизација на ресурси (КМФ) | 3,182 | 2,197 |
| Програми од минати години (РМС) | 945 | 0 |
| **ВКУПНО ДОБРОТВОРНИ РАСХОДИ** | **37,370** | **60,668** |
| **Оперативни расходи** | | |
| Плати и надоместоци за персоналот | 20,352 | 19,304 |
| Други оперативни расходи | 16,282 | 16,407 |
| Информации и публикации | 885 | 1,008 |
| **Вкупно оперативни расходи** | **37,519** | **36,719** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **74,888** | **97,440** |
| **БИЛАНС пред оданочување** | **-6,050** | **2,611** |
| Данок | -368 | -71 |
| **БИЛАНС** | **-6,418** | **2,540** |

**Адреса**
ул. Никола Парапунов 6б, Скопје
Пошт. фах 55, 1060 Скопје
Тел. 02/3065-381
Факс 02/3065-298
Е-пошта: mcms@mcms.org.mk
Web: **www.mcms.org.mk**
**www.gragjanskisvet.org.mk**

www.koma.com.mk